

Службен гласник

На општина Шуто Оризари

БР.09

Јули, 2025 година

Содржина:

1. Предлог – Одлука за воспоставување на Меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Шуто Оризари и Град Скопје за санација на ул. „Македонска косовска бригада“ -38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „Македонска косовска бригада“- 37, со водоводна мрежа.

2. Прелог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Шуто Оризари зџа 2026 година.

Претседател на Совет
на Општина Шуто Оризари
Јаше Сефер, с.р.

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 241/24), Советот на Општина Шуто Оризари на Првата вонредна седница, одржана на 17.07. 2026 година, донесе

О Д Л У К А

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Шуто Оризари и Град Скопје за санација на ул. „Македонско-косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37“ со водоводна мрежа

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Шуто Оризари и Град Скопје за санација на ул. „Македонско-косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37“ со водоводна мрежа во Скопје и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварувањето на заедничката цел и интерес.

Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука изнесува 16.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно 13.120.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 16.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, обезбедени од ставка ЈДА 482 од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Општина Шуто Оризари во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од став 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, во согласност со прописите со кои се уредува санацијата на таков тип објекти, преку јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“.

Бр: 08-32315
Дата: 17.07.2026год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
Претседател,
Јаше Сефер, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесува

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Шуто Оризари и Град Скопје

Член 1

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Шуто Оризари и Град Скопје за санација на ул. „Македонско-косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37“ со водоводна мрежа, донесена од Советот на Општина Шуто Оризари на Вонредната седница, одржана на17.07.2026 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари“ и на веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Бр: 09-323/16
Дата: 17.07.2026год.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

КУРТО ДУДУШ, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на бр.5/2002 и Службен весник на РСМ БР.202/2024)),член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ" бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ БР.244/19,53/21,77/21,150/21,173/22,170/24,37/25 И 77/26) член 75 од Статутот на општина Шуто Оризари (службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97), Советот на општина Шуто Оризари на седниицата одржана на ден. 17.07.2026 год ја донесе следната:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина шУТО ОРИЗАРИ

за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина шУТО ОРИЗАРИ за 2026 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
E00	**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
421410	Горива и масла (моторни возила)	680.000	0	0	0	0
424210	Одржување на згради	-680.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Бр. 08-323
17.07.2026

Претседател на Советот на Општината
Јаше Сефер

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 и 16 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45, точка 2 и 12 од Статутот на општина Шуто Оризари,(„Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2026 година

Член 1

Се прогласува и објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2026 година, Советот ја донесе на Прва Вонредна Седницата одржана на 17-ти Јули 2026 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари“ и на веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Бр: 09-323/19
Дата: 17.07.2026 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
Дудуш Курто, с.р.